SUBSCRIPT

GORAN DESPOTOVSKI

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GALERIA NACIONALE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
NATIONAL GALLERY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Чифте амам / Çifte Hamam / Chifte Hamam
nationalgallery.mk

SUBSCRIPT

ГОРАН ДЕСПОТОВСКИ
GORAN DESPOTOVSKI

SUBSCRIP

08 - 28. 10. 2021.

Чифте амам / Çifte Hamam / Chifte Hamam

nationalgallery.mk

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GALERIA NACIONALE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
NATIONAL GALLERY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Изложбата „Subscript“ на Горан Деспотовски има ретроспективен карактер и се протега низ корпусот на неколку негови дела, главно во медиумот на инсталацијата. Во најголем дел од реализираните инсталации и објекти, авторот ја претставува личноста, групата, масата луѓе во форма на кукли што го контекстуализираат присуството на лице/а во одреден простор, но без него/нив во буквална смисла. Луѓето формирани на овој начин и замислени во група, преку нивниот став, состојба, облека, изразуваат чувство што може еднакво да се идентификува со состојбата на група во редови, кампови, затвори, болници, чекалници и слични околности и места. Примарен извор за таквото претставување на група луѓе се разните бурни и репресивни состојби што му се наметнуваат на човекот. На овој начин, Деспотовски ги поврзува општите места на исцрпеност на човекот во губењето на идентитетот, кога со друго лице/а создава безлична група луѓе без идентитет. Ова претставување на масите, кои можат да потекнуваат од минатото или сегашноста, на одреден или неопределен настан, еднакво го истакнува проблемот што може да се види преку тековниот транзициски период во нашиот регион (прогони, редици, чекање, глад, миграција, стравови итн.). Сепак, овој феномен е многу препознатлив за човекот, каде и да е, во колективната свест. Егзистенцијалните прашања и справувањето со нив ги проникнуваат сите дела на Деспотовски и неговите доминантни прикази на луѓе-фигури-кукли, алегорично и симболично, го принудуваат гледачот да се идентификува со нив и на тој начин да го преиспита сопственото место во општеството.

Ekspozita “Subscript” e Goran Despotovski është e karakterit retrospektiv dhe shtrihet në korpusin e disa veprave të tij, kryesisht në mediumin e instalacionit. Në pjesën më të madhe të instilacioneve dhe objekteve të realizuara të autorit, ai e prezanton personalitetin, grupin e njerëzve në formën e kukullave të cilat e kontekstualizojnë prezencën e personit në hapësirë, por pa ato/atë në kuptimin tekstual. Njerëzit e formuar në këtë mënyrë dhe të imagjinuar në grup, përmes qëndrimit, gjendjes, rrobave të tyre, e manifestojnë ndjenjën e cila mund të identifikohet në mënyrë të njëjtë me gjendjen e grupit në radhë, në kampe, në burgje, në spitale, në dhomat e pritjes dhe rrethana apo vende të ngjashme. Burimi primar i prezantimit të këtillë i grupit të njerëzve janë gjendjet e ndryshme të vrullshme dhe represive, të cilat i imponohen njeriut. Despotovski në këtë mënyrë i ndërlidhë vendet e përgjithshme të rraskapitjes së njeriut në humbjen e identitetit, kur me personin tjetër krijon një grup të papërcaktuar të njerëzve pa identitet. Ky prezantim i popullatës së gjerë, e cila origjinën mund ta ketë nga e kaluara ose e ardhmja, në një ngjarje të caktuar ose të pacaktuar, në mënyrë të njëjtë e potencon problemin i cili mund të shihet përmes periudhës rrjedhëse të tranzicionit në këtë rajon (përndjekje, radhë të gjata, pritje, uri, migracion, frikë, etj.). Megjithatë, ky fenomen është mjaft emblematik për njeriun, kudo qoftë ai, në vetëdijen kolektive. Çështjet e ekzistencializmit dhe ballafaqimit me njeriun i artikulojnë të gjitha veprat e tij ndërsa këto pasqyrime dominante të njerëzve- figurave-kukullave, në mënyrë alegorike dhe simbolike, e detyrojnë spektatorin që të identifikohet me ata dhe në këtë mënyrë ta rishikojë vendin e tij në shoqëri.

Goran Despotovski’s exhibition *Subscript* is of a retrospective character and spreads throughout the corpus of several of his works of art, mainly in the medium of the installation. In most of the installations and objects carried out, the author represents the personality, the group, the mass of people in the form of dolls that contextualise the presence of a person/s in a certain space, but without him/them in a literal sense. The people formed in this way and imagined in a group, through their attitude, condition, clothes, express a feeling that can be equally identified with the condition of a group in rows, camps, prisons, hospitals, waiting rooms and similar circumstances and places. A primary source for such representation of a group of people is the various turbulent and repressive states that are imposed on man. In this way, Despotovski connects the general places of human exhaustion in the loss of identity, when with another person/s he creates an impersonal group of people without identity. This representation of the masses, which may originate from the past or the present, at a particular or indefinite event, equally highlights the problem that may be seen through the current transition period in our region (persecutions, queues, waiting, hunger, migration, fears, etc.). However, this phenomenon is very recognisable to man, wherever they are, in the collective consciousness. Existential issues and dealing with them permeate all of Despotovski’s works and his dominant depictions of people-figures-dolls, allegorically and symbolically, forcing the viewer to identify against them and thus re-examine his/her own place in the society.

ЕГЗИСТЕНЦИЈА БЕЗ ЕСЕНЦИЈА

Без свој корен и мисла
Кон изложбата *Subscript* на Горан Деспотовски
Ана Франговска, куратор

Поминуваш покрај толпа луѓе и свесно или несвесно стануваш дел од неа. Се вртиш наоколу и гледаш дека луѓето до тебе, спроти тебе, отаде, се безлични. Немаат идентитет, немаат душа, тие се марионети без свое ЈАС. На нивните рамења гледаш етикети со натписи кои ја дефинираат нивната состојба: „Знаеме како изгледаме"; „Постојано се гледаме едни со други"; „Срамно е. Го знаеме тоа"; „Уморни сме, стоиме и чекаме"; „Полека почнуваме да зборуваме"; „Не се осмелуваме да погледнеме нагоре"; „Нема огледала, но ги гледаме своите одрази"; „Стотици кутри кукли"; „Ако зборуваме, тие не слушаат. Ако слушаат, не разбираат"; „Бараме пријателско лице"; „Како и секогаш, има многу гласишта"; „Јас сум на ред"; „Пропаѓаме во земја"; „Талкаме меѓу луѓето"... И иако сите овие изјави се позајмени од филмот *Примо* (Робин Лаф/Ентони Шер, 2005), работен според книгата *Зар е тоа човек* на Примо Леви, сепак наликуваат на изјави кои секој од нас постојано си ги кажува или доживува. Се фаќаш за лицето и го опипуваш, и иако си велиш јас сум поинаков, јас имам лице, честопати и самиот стануваш безличен прифаќајќи свесно или несвесно работи кои ти се наметнуваат, општествено, политички, социјално, професионално, интимно. Ова е чувството кое го добиваш по „влегувањето" во делото *Селекција* на Горан Деспотовски, која е дел од неговата последна изложба *Subscript* во Националната галерија на Република Северна Македонија, која има мини ретроспективен карактер.

Токму тоа е чувството што се провлекува низ целиот негов опус, кое го наоѓа својот корен во егзистенцијалистичката филозофија и кое во себе содржи одредена психолошко-аналитичка димензија со интенција да го направи самиот реципиент интерактивен чинител на еден себеидентификувачки процес. Во неговите дела се истакнува онаа линија која говори за разнебитеното општество и за човековата несигурност како резултат на светот во кој постои. Во неговите дела се пребива „слободата" на човековото егзистирање како независна и свесна индивидуа за својот опстанок, од една страна, со светот кој го збунува и плаши, од друга страна, бидејќи како социјално битие има суштественост единствено во битисувањето со другите.

На овие егзистенцијални основи авторот ја надоврзува и локалната, поточно регионалната општествено-политичка состојба, состојба на транзициски општества кои го живеат периодот на промена подолго од вообичаеното, борејќи се за идентитет и себепотврдување. Во едни такви несредени општествени системи, само во последните три децении сведочевме многу превирања, штрајкови, митинзи, болести, нерегуларности, чекања пред амбасади, мигрирања итн., состојби на анксиозност, неизвесност, страв, замор, откажување, прифаќање, капитулирање. Во ваквите групни собитисувања, стануваме аморфна маса која многу лесно може да биде командувана, изиграна, да прифати работи кои индивидуално никогаш не би ги прифатила! Зошто? Со намера да постигне подобри основни услови за

егзистенција. А потоа се поставува прашањето: дали? На овој транзициски период може многу лесно да се надоврзе и денешниот технофобичен период, во кој сите сме одново лица без смисла и значење, лица кои творат, но не во насока на субјектот туку за создавање настани.

Токму затоа, со цел да го долови овој штимунг што поблиску, што подиректно, авторот Деспотовски гради комплексни инсталации кои се состојат од мноштво кукли – марионети, изработени од мек материјал (исполнети со кофлин) во природна човечка димензија и ги облекува во костуми, за што поголема материјалност и реалистичност. Тие се поставени во разновидни групни позиции, во движење, или во чекалница, во преноќувалиште, болници... и вие се поистоветувате со марионетите пред вас, одново преживувајќи го нивниот внатрешен немир. Текстовите кои некогаш се ставени покрај самите инсталации или вклучени во самите инсталации се неми гласници-прикажувачи на мисловниот процес преточен во инсталационата стуктура. Некогаш и звукот има амбиентална применлива функција и неговата намена е да ја интензивира емоцијата и психолошката напнатост од визуелниот конгломерат. Хорот, составен од женски торза, со метални плочки наместо глави, системски организиран во една групација, надополнет со аудио хорско пеење, уште понагласено ја пренесува пораката за едноумието и за губењето на себноста, станувајќи дел од хорот координиран и диригиран од некој друг.

Покрај инсталации, Деспотовски во изложбата вклучува и видеодела, во кои со многу сличен дискурс, иако во различни проблематики и тематики, говори за тегобност, несреќа, болка, живот – смрт, соживот...

Иако во *Subscript* доминираат егзистенцијалистички дискурси и превагнуваат аспектите за апсурдноста на животот, а со тоа и песимистичката обоеност на самиот концепт, сепак, намерата на авторот е да освести и да укаже на фактот дека треба да бидеме слободни и свои во вистинска смисла на зборот и дека од нас и од делата кои ќе ги оставиме на овој свет зависи нашето споменување и местото што ќе го имаме после својата физичка смрт. Ќе заклучам со еден цитат од егзистенцијалистот Албер Ками во корист на гласноста и посебноста, кој вели: „Секој чин на бунт изразува носталгија кон невиноста и копнеж кон суштината на животот“.

EKZISTENCË PA ESENCË

Pa rrënjën dhe mendimin tënd
Drejt ekspozitës Subscript të Goran Despotovski
Ana Frangovska, kuratore

Kalon përreth një grupi të njerëzve dhe me apo pa vetëdije bëhesh pjesë e të njëjtit. Shikon rreth e rrotull dhe sheh se njerëzit pranë, përballë ose përtej teje janë pa identitet. Ata nuk posedojnë identitet, nuk kanë shpirt dhe të njëjtit janë marioneta pa UNIN e tyre. Në supet e tyre shikon etiketa me mbishkrime të cilat e definojnë gjendjen e tyre: "E dimë se si dukemi"; "Vazhdimisht shihemi midis nesh"; "Është për t'u turpëruar. E dimë këtë"; Jemi të lodhur, qëndrojmë në këmbë dhe presim"; "Shikoheshim midis nesh"; "Gradualisht fillojmë të flasim"; "Nuk e marrim guximin të shohim lartë"; Nuk ka pasqyra, megjithatë i shohim pasqyrimet tona"; "Me qindra kukulla të gjora"; "Nëse flasim ata do na dëgjojnë". Nëse na dëgjojnë, nuk na kuptojnë"; "Kërkojmë person miqësor"; "Si edhe çdoherë ka shumë zëra"; "Unë jam në radhë"; "Fundosemi në tokë"; "Bredhim midis njerëzve"... Edhe pse të gjitha këto deklarata janë fragmente nga filmi *Primo* (Robin Laf/Enthoni Sher, 2005), i punuar sipas librit *A është ky njeri* i Primo Levi, megjithatë u ngjajnë deklarimeve të cilat secili prej nesh vazhdimisht i artikulon ose përjeton. E prek fytyrën, pastaj edhe pse ia thotë vetvetes unë jam ndryshe, unë kam fytyrë, shpeshherë edhe ti bëhesh pa identitet duke pranuar me ose pa vetëdije çështje të cilat të imponohen, çështje shoqërore, politike, sociale, profesionale, intime. Kjo është ndjenja të cilën e fiton pas "zhytjes" në veprën *Seleksionimi* të Goran Despotovski e cila është pjesë e ekspozitës së tij të fundit *Subscript* në Galerinë Nacionale të Republikës së Maqedonisë së Veriut e cila është e karakterit mini retrospektiv.

Pikërisht kjo është ndjenja e cila përshkohet në gjithë opusin e tij, e cila rrënjët e veta i ka në filozofinë ekzistencialiste dhe në vetvete e përmban dimensionin psiko-analitik me intencë që recipientin ta bëjë një faktor interaktiv të procesit vet-identifikues. Në veprat e tij theksohet linja e cila bën fjalë për shoqërinë e shpërfytyruar dhe për pasigurinë e njeriut si rezultat i botës në të cilën jeton. Edhe pse në *Subscript* dominojnë diskurse ekzistencialiste dhe prevalojnë aspektet e absurditetit të jetës, dhe së këtejmi prevalon edhe ngjyrimi pesimist i vet konceptit, megjithatë intenca e autorit korrespondon me vetëdijesimin dhe vënien *në dukje të* faktit se duhet të jemi të lirë dhe vetvetja në kuptimin e mirëfilltë të fjalës dhe se prej nesh dhe nga veprat që do t'ia *lëmë kë*saj bote varet se sa do të na përmendin si dhe pozita jonë pas vdekjes. Do të përfundoj me një citat nga ekzistencialisti Albert Kamy në dobi të zërit dhe të veçantës, i cili thotë: "Çdo akt i rebelimit manifeston nostalgji ndaj pafajësisë dhe përgjërimit ndaj kuptimit të jetës."

EXISTENCE WITHOUT ESSENCE

Without own root or thought
For the exhibition Subscript by Goran Despotovski
Ana Frangovska, curator

Passing by a huge crowd of people, you become a part of that crowd consciously or unwittingly. You turn around and see the people standing next to you or on the opposite side are faceless. Without an identity, without a soul, they are puppets without a stance. You see labels hanging off of their shoulders that define their state of mind: "We are aware of our appearance"; "We look at each other all the time"; "It's embarrassing. We know that."; "We are tired, we are just standing here, waiting"; "We were looking at each other"; "Slowly, we begin to talk"; "We dare not look up"; "There aren't any mirrors, but we can see our reflections"; "Hundreds of poor dolls"; "If we talk, they don't listen. If they are listening, they don't understand"; "We are looking for a friendly face"; "As always, there are a lot of voices"; "It's my turn"; "We are falling into the ground"; "We are wandering among the people"... And although all these statements are quotes from the movie *Primo* (Robin Laf/Antony Share, 2005), based on the book *If this is a man* by Primo Levi, they still resemble things we say and experience all the time. You touch your face and feel it, and you may say I am different, I have a face, still, more often than not, you also become faceless, accepting things imposed on you knowingly or not, socially, politically, professionally, intimately. This is the feeling that engrosses you after you "enter" *Selection*, a piece by Goran Despotovski that's part of his latest exhibition *Subscript* at the National Gallery of the Republic of North Macedonia that has a mini-retrospective character.

It is precisely this feeling that saturates his entire opus, which finds its roots in existentialist philosophy and which contains a certain psychological-analytical dimension with the intention of encouraging the recipient to become an interactive factor in this process of self identification.

His works emphasize the line that speaks of a shattered society and human insecurity as a result of the world in which it exists.

In his works, he dwells on the "freedom" of a man's existence as an independent and sentient individual, aware of his survival on the one hand, and on the other, with the world that is confusing and frightening because as a social being, he finds essence only in existing with others.

Based on these existential foundations, the artist adds the local i.e. regional social and political condition, the condition of transitional societies that are going through this time of change longer than expected, struggling for identity and self-affirmation. In these unruly social systems, in the last three decades alone we have witnessed turmoil, strikes, rallies, diseases, irregularities, standing and waiting in front of embassies, migrations etc. anxiety, uncertainty, fear, weariness, resignation, acceptance, capitulation. Our coexistence in these groups has made us become an amorphous mass which is easily led, manipulated to accept things than an individual would never agree to! Why? The intention is to achieve better basic standards of living. But then we ask the question Is this true? Today's technophobic period can easily be added to this transitional period, in which all of us have become persons without a thought or significance,

persons that create, but instead of creating for the subject, we create events.

It is precisely why, aiming to capture this mood as authentically as possible, the artist Despotovski has built complex installations that consist of multitude of dolls – life size puppets made of soft materials (filled with thermal wool) and dressed in suits, to express a more materialistic reality. They are arranged in various group positions, or in movement, in waiting rooms, hostel, hospitals...and you identify with the puppets in front of you, you relive again their internal unrest. The texts placed next to the installations or incorporated in the installations are voiceless messengers and descriptors of the thought process translated in the installation. Sometimes the sound also has an applicable function in the ambiance and its purpose is to intensify the emotion and psychological tension of the visual conglomerate. The choir, composed of female torso, with metal plates instead of heads, systematically organised in a group, complemented by audio choral singing, conveys in a more emphasised manner the message of tunnel vision and a loss of self, becoming part of the choir coordinated and conducted by someone else.

In addition to the installations, Despotovski has also added video materials to his exhibition, that albeit address different problems and themes, use a very similar discourse to focus on agony, misfortune, pain, life and death, coexistence...

Subscript is dominated by existential discourses and aspects of the absurdity of life hence the pessimistic feeling of the concept itself; nonetheless the artist's intention is to awaken his audience and point to the fact that we should be free and own our life in the true sense of the word and how we will be remembered after death is up to us and the work or things we leave behind in this world. I will bring this introduction to a close by quoting Albert Camus, to add to the voice and uniqueness: "Every act of rebellion expresses a nostalgia for innocence and an appeal to the essence of being."

Родово сведоштво
Dëshmia Gjinore
Gendered Witnessing

Делото *Родово сведоштво* прикажува група од дванаесет кукли/луѓе во толпа. Дванаесет фигури, кукли собрани во група, претставуваат родова група што симулира претставување на женски хор. Реплицираните женски фигури во долги фустани со плочи наместо глави насочени нагоре подразбираат одредена форма на транс, како и знаци важни за сознанието. На плочите има избришани траги од натписи што можат да бидат, кодови, формули, текстови... Звукот на хорот претставува рамнина која емоционално не нè повикува да се потопиме во тага или да плачеме... туку претставува чиста тонска рамнина во самозвук што укажува на постоење и битие. Делото претставува и укажува на општите места на родова припадност, како и на значењето на личноста на Кети Хорн, во која се опфатени сочувствата кон општествено ангажираните човечки особини, како симбол на страдање и пркос.

Инсталација (2021)
Тема: *Subscripts*
Делото се состои од дванаесет (кукли), платформа-сцена
Материјал на куклите: кофлер (полнеж), ткаенина, костум
Димензии на куклите: кукла во природна големина, в. = 172 см
Дополнителен елемент во делото: звук (глас, Софија Лукић)

Instalimi (2021)
Tema: *Nënshkrimet*
Puna përbëhet nga dymbëdhjetë (kukulla), në skenë-platformë
Materiali i kukullave: arkivol (mbushje), pëlhurë, kostum
Përmasat e kukullave: kukull në madhësi të jetës, l. = 172 cm
E plotë në vepër: tingull (zëri, Sofija Lukić)

Installation (2021)
Theme: *Subscript*
The work consists of twelve (dummies), platform-stage
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit
Dummy dimensions: human size dummy, h = 172 cm
Additional elements in the work: sound (voice, Sofija Lukić)

ASC/DESC

Инсталација (2018)
Делото содржи девет сегменти
Секој сегмент е составен од кревет и кукла
Состав на креветите: дрво, сунѓер, ткаенина (тапацир), дигитален печат (текст)
Димензии на креветите: 47 x 193 x 76 см
Состав на куклите: кофлин (полнеж), ткаенина, костум
Димензии на куклите: кукла во природна големина, в. = 173 см
Дополнителен елемент на делото: звук (пинг-тонови)

Instalacioni (2018)
Vepra përmban nëntë segmente
Çdo segment përbëhet nga krevati dhe kukulla
Përmbajtja e krevateve: dru, sfungjer, pëlhurë (tapiceri), vulë digjitale (tekst)
Dimensionet e krevateve: 47 x 193 x 76 cm
Përbërja e kukullave: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum
Dimensionet e kukullave: kukull në madhësi natyrore, l. =173 cm
Elementi plotësues i veprës: tingulli (tone-ping)

Installation (2018)
The work consists of nine segments
Each segment is composed of a bed and a dummy
Bed materials: wood, sponge, fabric (bed linen), digital print (text)
Bed dimensions: 47 x 193 x 76 cm
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit
Dummy dimensions: dummy is human size h = 173 cm
Additional elements in the work: audio (ping sounds)

Во просторен амбиент се поставени повеќе реплицирани објекти со елементи од форми на неупотреблив предмет, кревет, фигури/кукли во природна големина и со внесени детали, односно звучни и текстуални содржини. Сите овие елементи градат единечни објектни сегменти кои во повеќе верзии, во парабола со минимални промени, даваат нова целина. Сегментниот клониран елемент на објектот е составен од кревет, фигура-кукла, звук и текстуална порака. Креветот е минималистички конструиран, со темна рамка и бела тапацирана подлога. Сегментот е изработен со одредено повторување. Креветот е под извесен, различен наклон, како и со различно внесен детаљ, со текст на белата тапацирана подлога, т. е. површината на креветот. Текстот е внесен во предвидените полиња кои претставуваат симулација на екран, дисплеј на кој се видливи делови и детали од различните содржини на текстуалните пораки. Фигурите, куклите, се направени од бел материјал, ист како и оној на креветот, и со своето меко и природно својство, тие се носители на масата. Кројката на куклите е направена врз основа на човековото тело, а конечната форма, скроена и сошиена, е наполнета со силиконска маса. Во нејзината внатрешност се наоѓа метална конструкција која овозможува куклата да стои во одредена позиција. Секоја фигура-кукла е облечена во класичен машки костум, палто и панталони, а главата, дланките и стапалата останале соголени, голи. Вака изведената кукла е реплицирана над сите споменати елементи – креветите. Репродуцирани на ист или сличен начин, куклите се поставени со минимални измени кои се гледаат во нивната позиција во однос на позицијата на креветот. Секој кревет под одреден агол ја условува позицијата на фигурата-кукла, изразувајќи определена напната форма, која се исчекува во однос на рамнотежата на поставените елементи, и тоа така што прават формален примерок сугерирајќи го одржливото и егзистенцијалното. Куклата-фигура не е во допир со креветот, таа во илузионистичка смисла лебди, односно левитира во споменатите позиции над креветот. Секако, куклата е носител и доминантен елемент во организацијата на сегментите на делото, додека звукот и текстот се детаљ, како во амбиентална просторна смисла така и во насока на вклопување на содржината во просторната целина.

Во амбиенталната целина сите сегменти ја сочинуваат групата која е поставена во неформален, нарушен ред во кој секој сегмент е благо изместен од редот, во реден став остав. Сегментите – ако се разберат како објектни и споменични, а со нарушен распоред – изразуваат општо место, перцепција на поништување и репресивно дејствување. Во просторното осмислување сегментите се поставени така што претставуваат средиштен дел, кривулесто течение, испрекината линија, каде што насоките на почетокот, односно крајот, се нагласени само преку замислената конструкција на истото течение реплицирано во бесконечно продолжение. Овие позиции сугерираат движење, редослед, горе-долу и обратно, долу-горе, во зависност од позицијата на набљудувачот. Од овој распоред, сличен на групирање, произлезен е и насловот на делото: *ASC/DESC*, кој зборува за траекторијата на согледување и сфаќање на ова дело низ процесот, изборот на движењата својствени на субјективниот, животен и/или општествено одреден, условен тек.

Кад(а)р-ов

Видеоинсталација (2019)
Објект: дрвена комода
Димензии: 80 x 40 x 30 см
Дополнителни елементи на делото: коса, електричен мотор, дисплеј, видео (loop)

Videoinstalacioni (2019)
Objekti: komodinë druri
Dimensione: 80 x 40 x 30 cm
Elemente plotësuese të veprës: flokë, motori elektrik, displej, Video (loop)

Video installation (2019)
Object: a wooden chest of drawers
Dimensions: 80 x 40 x 30 cm
Additional elements in the work: hair, electromotor, display, video (loop)

Во рамките на конструираната форма на делото, слично на употреблив предмет (комода), поставени се неколку визуелни сегменти и медиумски целини (механичко и електронско движење, видео, слика, објект). Насловот на делото, *Кад(а)р-ов* (к*адар*), од именката *кадар*, реферира на кој било (воен, службен, стручен...) кадар – на оној што може да направи нешто. Сегментите поставени на овој начин, во полуотворена фиока, сугерираат на повлекување, можно лизнување или извлекување, осаменост. Полето на дејствување во интеракцијата е кружно движење на коса, кое се наоѓа во единствената отворена фиока на објектот. Движењето на косата му сугерира на набљудувачот привид во исчитувањето на испреплетените прамни коса и отвора прашања за текот, брзината, измолкнувањето низ соживотот. Спротивно на ова, на горниот дел – капакот на комодата, има два асиметрично поставени отвора, со различен обем. Во едниот е репродуцирана статична слика – капка, солза, а во другиот видеоприказ на поместување на лакот – кожа. Трите слики, коса – солза – кожа, имаат поврзано дејство во личното доживување на животот и се симулатор на залудните дејствија и состојби на душата на г. Кадров.

Тема Мртва вода

Темата *Мртва вода* се состои од три инсталации (*Отсуство*, *Иронија* и *Синдром на нерамнотежа*), создадени во 2016 година. Овие дела се надоврзуваат на циклусот со темите *Лебдење* (2008) и Социјален (2012). Прикажан е човек кој, како резултат на општата манипулација, е лишен од својот идентитет, во процесот некаде меѓу животот и смртта, односно во состојба на левитација. Во концептот на темата *Мртва вода* се изразува процес кој се базира врз суштината на машко-женските односи, т. е. врз емоционалната манипулација, претставувајќи го на тој начин синдромот на нерамнотежа, она што е банално и возвишено.

Водата, синоним за живот и модел на паметење, земена е како симбол на промената каде што живото прераснува во мртво, доброто во лошо, чистото во валкано и слично. Овој премин во мртва вода, која го карактеризира моделот на застоено, негативно, матно и несфатливо, е форма на тематска рамка изедначена со човекот и животот. Основните елементи што водат до односот на манипулација се наметнување страв и вина, болка, љубомора, условување, провокација, одмазда, бес, гнев, горчина.

Користејќи минимална интеракција, делото се стреми кон тоа да ги претстави емоциите и доживувањето, периодот и состојбата во која две суштества се наоѓаат во преиспитување на вредностите на другиот, во обид за себично подредување. Драматичното претставување во рамките на овие дела ги контекстуализира односите во просторната перцепција, преку емотивниот вител на сите внатрешни и надворешни чинители.

Отсуство
Mungesa
Truancy

Инсталација (2016)
Делото се состои од три сегменти
Секој сегмент е составен од ѕиден панел и кукла
Состав на панелите: дрво, керамички плочки, стакло, вода
Димензии на панелите: 220 x 60 x 15 см
Состав на куклите: кофлин (полнеж), ткаенина, костум, коса
Димензии на куклите: кукла во природна големина, в. = 168 см

Instalacioni (2016)
Vepra përbëhet nga tri segmente
Çdo segment përbëhet nga paneli muror dhe kukulla
Përbërja e paneleve: dru, pllaka qeramike, qelq, uji
Dimensionet e paneleve: 220 x 60 x 15 cm
Përbërja e kukullës: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum, flokë
Dimensionet e kukullës: kukull në madhësi natyrore, l. = 168 cm

Installation (2016)
The work consists of three segments
Each segment consists of a wall panel and a dummy
Panel materials: wood, ceramic tiles, glass, water
Panel dimensions: 220 x 60 x 15 cm
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit, hair
Dummy dimensions: dummy is in human size h = 168 cm

Во делото *Отсуство* поставени се три ѕидни панели изработени од керамички плочки. На секој панел во различна положба поставена е женска фигура (кукла) и аквариум со вода. Рефлексиите на различните позиции на женската фигура алудираат на движење, како и на статичност, на време, на промена, на различно, а во исто време на неприроден став во кој може да се насетат настани што укажуваат на внатрешни превирања, ментален немир. Затоа, илузијата лежи во нереализираната динамика и во аспектите на умртвеното и рамнодушно постоење. Главата на фигурата на жената е заменета со аквариум со нежива, застоена – мртва вода. Оваа вода е синоним за спротивноста на животот – живата вода. Нагласената чистота на панелите од бели керамички плочки е алузија на чистота, а всушност, го претставува сето она што е тегобно и валкано. Црните женски фигури во положба на левитација и водата која го изгубила своето основно својство како животна супстанција, стануваат парадоксален принцип што можеме да го поистоветиме со животниот, тогаш кога сè станува нејасно и кога секое човечко суштество осцилира и талка.

Иронија
Ironia
Irony

Инсталација (2016)
Делото е составено од панел и кукла
Состав на панелот: дрво, керамички плочки, стакло, вода
Димензии на панелот: 50 x 120 x 210 см
Составот на куклата: кофлин (полнеж), ткаенина, костум, коса
Димензии на куклата: кукла во природна големина, в. = 168 см
Дополнителен елемент во делото: дигитален печат (текст)

Instalacioni (2016)
Vepra përbëhet nga paneli dhe kukulla
Përbërja e panelit: dru, pllaka qeramike, qelq, ujë
Dimensioni i panelit: 50 x 120 x 210 cm
Përbërja e kukullës: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum, flokë
Dimensionet e kukullës: kukull në madhësi natyrore, l. = 168 cm
Elementi plotësues i veprës: vula digjitale (teksti)

Installation (2016)
The work consists of a panel and a dummy
Panel materials: wood, ceramic tiles, glass, water
Panel dimensions: 50 x 120 x 210 cm
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit, hair
Dummy dimensions: the dummy is human size h = 168 cm
Additional elements of the work: digital print (text)

Во делото *Иронија* претставен е намален, геометриски дефиниран кревет, изработен од бели керамички плочки. Околу креветот има рамка, круна или врата, премин или излез. Тој го дели просторот на креветот на два дела: во едниот дел е поставена кукла на жена во полулежечка, грчовита положба. Куклата е свртена така што соопштува, упатува порака на тишина која сепак е – збор. Овој збор, можеби банален, но силен – „БЕГАЈ!“ – е прикажан на преградата направена од ткаенина потопена во аквариум со заматена вода. Матната вода, која се пренесува на потопената ткаенина со натписот „БЕГАЈ!“, во заднината е поврзана со фигурата на жената; зборот е нејзин, а упатен е некому што не е физички присутен, или на случаен субјект – набљудувач. Овој труд ја покажува иронијата на односите, во кои ставот на жената се изразува со арогантен прекин на комуникацијата.

Синдром на нерамнотежа
Sindroma e disbalancit
Syndrome Imbalance

Инсталација (2016)
Делото се состои од маса со четири стола и четири кукли
Состав на масата: дрво, керамички плочки, стакло, вода
Димензии на масата: 85 x 100 x 100 см
Состав на столовите: дрво, керамички плочки
Димензии на столовите: 40 x 30 x 30 см
Состав на куклите: кофлин (полнеж), ткаенина, костум
Димензии на куклите: кукли во природна големина, в. = 178 см

Instalacioni (2016)
Vepra përbëhet nga tavolina me katër karrige dhe katër kukulla
Përbërja e tavolinës: dru, pllaka qeramike, qelq, ujë
Dimensionet e tavolinës: 85 x 100 x 100 cm
Përbërja e karrigeve: dru, pllaka qeramike
Dimensioni i karrigeve: 40 x 30 x 30 cm
Përbërja e kukullave: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum
Dimensionet e kukullave: kukulla në madhësi natyrore, l. = 178 cm

Installation (2016)
The work consists of a table with four chairs and four dummies
Table materials: wood, ceramic tiles, glass, water
Table dimensions: 85 x 100 x 100 cm
Chair materials: wood, ceramic tiles
Chair dimensions: 40 x 30 x 30 cm
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit
Dummy dimensions: the dummy is human size h = 178 cm



Во делото *Синдром на нерамнотежа* претставена е група машки фигури-кукли. Во класични костуми, тие седат околу масата како ритуално место, место за договори и состаноци. Една фигура е во натприродна лебдечка положба, во состојба на полетување, за разлика од другите статични, седнати фигури. Фигурата во полетување со двете раце се држи за аквариумот полн со вода, поставен на масата. Водата во аквариумот е носител на многу пораки со кои оваа фигура е доведена до ваквата состојба, отсутност кон другите фигури на масата. Останатите три фигури се статични, мирни, тие се синоним за општествената социјализација и во иста мера арбитри на судбината на четвртиот „актер". Водата во аквариумот е застоена, заматена и мртва, а во неа се потопени пораки на навреди и понижувања какви што можат да си разменат две лица кои се во меѓусебен конфликт. Како резултат на тоа, фигурата која е во натприродна положба го изразува својот духовен немир со тоа што се истакнува себеси како осуденик, виновник и жртва, понижена и понизна личност. Во илузијата на полетување, таа ја нарушува рамнотежата и симетријата на поставената, избалансирана сцена и претставува внатрешен, нестабилен бунт, бура што се рефлектира преку нејзиното движење.

Тема Социјален

Темата *Социјален* е продолжение на делото кое произлезе од циклусот *Лебдење*, создадено во 2007–2008 година. Занимавањето со темата започна во 2011 година и беше реализирано преку делата: *Гласишта*, *Сако*, *Лице*, *Социјален*, *Избришан*, *Материја*, *Дух*, *Разговор*, *Бербер*, *Селекција*, *Издувни*...

Серијата *Социјален* се состои од фотографии, инсталации и принтови кои со својата форма и мотивот укажуваат на персонификација на спомениците, алудирајќи на сеќавањето. Во делата доминираат густа црна дамка, сенка, контура, безличен портрет, клонирана бестелесна фигура, апстрахирана форма итн. Овие форми претставуваат духови на генерациските и судбинските текови, прикажувајќи го човекот или аспекти од животот на поединецот како резултат на различни општествени влијанија, како и поврзаноста на човечките маки и страдања со денешните индивидуални и масовни случаи. Прикажаните луѓе/фигури/кукли би требало алегорично и симболично да го принудат гледачот да се идентификува со нив и да го преиспита своето место во општеството, и тоа во она општество кое е во постојана криза во глобални размери и чии вредности често се изопачени.

Како
Xhaketa
Suit Jacket

Дигитален печат (2013)
(реплика на делото Како од 2002 година)
Делото се состои од дваесет и четири сегменти
Техника: дигитален печат на стиродур
Димензии: 80 x 60 см (еден сегмент)

Vula digjitale (2013)
(replikë e veprës Xhaketë nga viti 2002)
Vepra përbëhet nga njëzetë e katër segmente
Teknika: vula digjitale e stirodurit
Dimensione: 80 x 60 cm (një segment)

Digital print (2013)
(replica of the work Suit Jacket from 2002)
The work consists of twenty-four segments
Technique: Digital print on extruded polystyrene (XPS)
Dimensions: 80 x 60 cm (one segment)

Делото *Како* претставува секвенци од фотоснимки на сакоа во различни положби. Прикажани како целина, сакоата обликуваат драматична вонтелесна форма којашто укажува на присуство или отсуство на човечкото тело. Секвенците на сакоата, запрени во движење, покажуваат разни форми на напнатост, предизвикани од односот на општеството кон поединецот. Збирот од сакоа е прикажан во состојба на просторно лебдење, алудирајќи на потрошени избледени претстави. Тие форми го симболизираат соголениот човек, односно аспектите на животот засегнати од општествените влијанија. Токму затоа, затекнатата состојба на напуштеност зборува за елементарната напуштеност и губење на индивидуалноста. Внесените форми на сакоата во различни аморфни сцени го отелотворуваат метафизичкото движење во самиот простор. Облеката ја симболизира состојбата меѓу животот и смртта, во просторот што левитира меѓу отфрленото и изгубеното. Преку промената на обликот на сакото во повеќе сегменти, се сугерира *активитет на празнината*[1].

[1]Kosta Bogdanović, Bojana Burić, *Teorija forme*, трето дополнето издание. Beograd: Zavod za udžbenike i naučna sredstva 2004, 28.

Селекција
Seleksionimi
Selection

Делото *Селекција* претставува група од повеќе десетици кукли/луѓе во толпа. Куклите се без лица, облечени се во секојдневна машка облека, запрени во збунета и дементна состојба, во прекината акција и чин. На телата, односно од десната рака на некои од многуте исти кукли, аплицирани се текстови на картички, налик на етикети на производи. Делото зрачи со визуелна и просторна драматургија на трагично отуѓување, што е засилено со отсуството на живот во областа на видливото, телесното и човечкото.

Куклите/фигурите можат да бидат сместени во група, во правилен редослед, во растурен редослед, во различни насоки на движење, како асоцијација на скитање, чекање, параноја, конфузна состојба или тишина, рамнодушност, утопија...

Инсталација (2013)
Делото се состои од дваесет и четири сегменти (кукли)
Состав на куклите: кофлин (полнеж), ткаенина, костум
Димензии на куклите: кукла во природна големина, в. = 178 см
Дополнителен елемент во делото: текстови (гравирани картички со натписи)

Instalacioni (2013)
Vepra përbëhet nga njëzet e katër segmente (kukulla)
Përbërja e kukullave: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum
Dimensionet e kukullave: kukull në madhësi natyrore, l. = 178 cm
Elementi plotësues i veprës: tekste (kartela të gravuara me mbishkrim)

Installation (2013)
The work consists of twenty-four segments (dummies)
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit
Dummy dimensions: the dummy is human size h = 178 cm
Additional elements in the work: texts (engraved cards with inscriptions)

Преглед на текстовите аплицирани во форма на етикети на фигурите во форма на кукли во моето дело Селекција:

Знаеме како изгледаме.
Постојано се гледаме едни со други.
Срамно е. Го знаеме тоа.
Уморни сме, стоиме и чекаме.
Се гледавме едни со други.
Полека почнуваме да зборуваме.
Не се осмелуваме да погледнеме нагоре.
Нема огледала, но ги гледаме своите одрази.
Стотици кутри кукли.
Ако зборуваме, тие не слушаат. Ако слушаат, не разбираат.
Бараме пријателско лице.
Како и секогаш, има многу гласишта.
Јас сум на ред.
Пропаѓаме во земја.
Талкаме меѓу луѓето[1].

[1] Од филмот *Примо* (Робин Лаф/Ентони Шер, 2005), работен според книгата *Зар е тоа човек* на Примо Леви.

Rishikimi i teksteve të aplikuara në formën e etiketave të figurave në formën e kukullave në punën time Përzgjedhja:

E dimë si dukemi.
Vazhdimisht e shohim njëri tjetrin.
Është e turpshme. E dimë këtë.
Jemi të lodhur, qëndrojmë në këmbë dhe presim.
E shihnim njëri tjetrin.
Gradualisht fillojmë të flasim.
Nuk e marrim guximin të shohim lartë.
Nuk ka pasqyra, megjithatë e shohim sjelljen tonë.
Qindra kukulla të gjora.
Nëse flasim, ato na dëgjojnë. Nëse dëgjojnë, nuk kuptojnë.
Kërkojmë person miqësor.
Si edhe çdo herë, ka shumë zëra.
Unë jam në radhë.
Fundosemi në tokë.
Sorollatemi midis njerëzve[1].

[1] Nga filmi *Primo* (Robin Laf/Entoni Sherr, 2005), i realizuar sipas librit *Vallë ky a është* njeri i Primo Levi.

The texts used in the form of labels on the dummy-figures in the work Selection:

We know how we look.
We keep looking at each other.
It's embarrassing. We know that.
We are tired, standing and waiting.
We've been looking at each other.
We are gradually starting to speak.
We dare not lift our eyes.
There are no mirrors, but we see our reflections.
Hundreds of sordid dummies.
If we speak, they don't listen. If they listen, they don't understand.
We are looking for a friendly face.
As always, there are plenty of rumours.
It's my turn.
We fall through into the ground.
We wander among people[1].

[1] Film *Primo* (Robin Lough/Antony Sher, 2005), made after the book *If This Is a Man* by Primo Levi.

Избришан
i Shlyer
Erased

Инсталација (2012)
Делото се состои од четири сегменти
Секој сегмент е составен од тапациран панел и кукли
Состав на панелите: дрво, сунѓер, ткаенина, текст
Димензии на панелот: 200 x 50 x 12 см
Состав на куклите: кофлин (полнеж), ткаенина, костум
Димензии на куклите: кукла во природна големина, в. = 178 см

Instalacioni (2012)
Vepra përbëhet nga katër segmente
Çdo segment përbëhet nga paneli me tapiceri dhe kukulla
Përbërja e paneleve: dru, sfungjer, pëlhurë, tekst
Dimensionet e panelit: 200 x 50 x 12 cm
Përbërja e kukullave: koflin (për mbushje), pëlhurë, kostum
Dimensionet e kukullave: kukull në madhësinë e natyrshme, l. = 178 cm

Installation (2012)
The work consists of four segments
Each segment is made of an upholstered panel and a dummy
Panel materials: wood, sponge, fabric, text
Panel dimensions: 200 x 50 x 12 cm
Dummy materials: thermal wadding (filling), fabric, suit
Dummy dimensions: the dummy is human size h = 178 cm

Делото *Избришан* е просторна инсталација составена од кукли во природна големина, со свиткани глави потпрени на четири тапацирани панели. Куклите/фигурите се без лице и идентитет, тие се луѓе наведнати пред неочекувана, затекната состојба. Панелите се направени од стара ткаенина, постелнина со траги, дамки. На белите панели истакнати се текстови пред кои се наведнати главите на поставените кукли. Текстот и фигурата се во директна физичка и духовна врска со сфаќањето на општата состојба на човекот. Инсталацијата сугерира трагични моменти и исцрпеност на човечкиот дух.

Приказ на текстовите аплицирани на панелите:

1. Сè беше многу тивко, како во соништата. Очекувавме нешто апокалиптично, но сите беа тивки и мирни. Уморни сме, стоиме и чекаме нешто да се случи. Но, ништо не се случува. И натаму ништо не се случува. Времето минува...

2. Нашите лица се чудни. Ни ги избричија и телата. Еве нè... Голи, избричени и сами. Полека почнуваме да зборуваме. Секој има понекое прашање, но никој нема одговор. Чекориме... Зборуваме... Не се осмелуваме да погледнеме нагоре. Нема огледала, но ги гледаме нашите одрази... Стотици голобради, бели лица. Стотици кутри кукли. Ние веќе не поседуваме ништо. Ако зборуваме, тие не слушаат. Ако слушаат, не разбираат.

3. Таа песна... Толку позната, сентиментална. Колку чудно, тука. Се гледаме. Група кукли, вкочанети, од коски без зглобови. Талкаме меѓу луѓето... Бараме пријателско лице. Некои од нас се жолти, некои сиви. Не гледаме покрај нас? Зјапаме во светлината и не кажуваме ништо... Веќе ништо и не мислиме. Пропаѓаме во земја... Срамота е. Го знаеме тоа.

4. Нè пребројуваат... Чекаме... Повторно нè пребројуваат. Чекаме... Десет часа сме на нозе, шест часа сме голи. Гледавме наоколу. Се погледнувавме. Знаеме како изгледаме. Се гледаме постојано, а понекогаш го гледаме нашиот одраз во прозорецот. А тука е и нашата смрдеа. На почетокот чувме еднаш, двапати... Сега многупати... Како и секогаш, има многу гласишта... Младите им велат на младите дека ќе ги изберат старите. Здравите им кажуваат на здравите дека ќе ги изберат болните. Постои уште нешто...[1]

[1] Од филмот *Примо* (Робин Лаф/Ентони Шер, 2005), работен според книгата *Зар е тоа човек* на Примо Леви. Изменет и коригиран текст: Горан Деспотовски, 2013.

Цивил
Civil

Инсталација-знамиња (2008)
Делото се состои од деведесет и девет сегменти (отпечатоци)
Техника: дигитален печат на ткаенина (знаме)
Димензии: 200 x 100 см (едно знаме)

Instalacioni-flamuj (2008)
Vepra përbëhet nga nëntëdhjetë e nëntë segmente (printime)
Teknika: vula digjitale në pëlhurë (flamuri)
Dimensionet: 200 x 100 cm (një flamur)

Installation-flags (2008)
The work consists of twenty-nine segments (prints)
Technique: Digital print on fabric (flag)
Dimensions: 200 x 100 cm (one flag)



Сидната инсталација *Цивил* е создадена од повеќе бели знамиња на кои се прикажани рамни фигури, црни дамки кои упатуваат на костум без тело. Станува збор за силуети во движење. Фантомските тела се „заробени“ и поставени на знамето како симбол на отсутното, изгубеното, на она што недостига, речиси трагично, исто како и граѓанското општество во деведесетте години на 20 век на просторите на некогашна СФРЈ.

Електрицитет
Elektriciteti
Electricity

Видеоинсталација (2008)
Видео SWF, интерактивна анимација

Video instalacioni (2008)
Video regjistrimi SWF, animacioni interaktiv

Video-installation (2008)
Video SWF, interactive animation

Во делото *Електрицитет/Електризирање* прикажана е човечка кожа, сместена во дводимензионална рамнина. На кожата се видливи траги од животот и времето: лузни, белези од вакцина, дамки, акни, изразена пигментација итн. Во контраст со кожата и мапирањето на даденото подрачје во движење, се емитува звук на електризирање, како призвук кој навестува појава/исчезнување на трагите.

Лебдење
Qëndrimi pezull
To Float

Видеоинсталација (2007)
Video BW, loop

Videoinstalacioni (2007)
Video BW, loop

Video-installation (2007)
Video BW, loop

Во делото *Лебдење* е претставена аморфна форма слична на облека – сако, која лебдејќи ја претставува состојбата помеѓу животот и смртта: лебдење во просторот каде што се левитира меѓу отфрленото и изгубеното. Стутканото сако е во состојба на лебдење, но и под контрола на нешто што е возвишено и над него. Делото го претставува напуштениот и оставен поединец, личност исцрпена од ефектите на разните општествени влијанија.

Горан Деспотовски е роден на 13 август 1972 година, во Вршац, Србија. Дипломирал на Факултетот за ликовни и применети уметности во Белград (1995); на Академијата за уметности во Нови Сад завршил основни академски (1999) и магистерски студии по сликарство (2003), по што се стекнал со титулата доктор на уметности – ликовни уметности (2018). Вработен е на истата Академија (од 2004 година). Од 2019 година е избран за редовен професор на Катедрата за сликарство. Деспотовски е претседател на Друштвото на ликовни уметници на Војводина (од 2017 година). Организирал шеесетина самостојни и учествувал на неколку колективни изложби во својата земја и во странство. Добитник е на многу награди во областа на ликовната уметност. Автор е на неколку проекти во рамките на Академијата за уметност на Нови Сад: *Разлики* (2005–), Слика (2011–), *Книга* (2016), *Дигитален простор за слика* (2016) и на неколку проекти во рамките на Сојузот на здруженијата на ликовни уметници на Војводина: *SMIC. подвижна форма* (2019–), *Преместување во код* (2021–), итн.

Goran Despotovski ka lindur më 13 gusht të vitit 1972 në Vrshac, Serbi. Ka diplomuar në Fakultetin e Arteve Figurative dhe Aplikative në Beograd (1995); Në Akademinë e Arteve në Novi Sad, i ka kryer studimet themelore akademike (1999) dhe të magjistraturës për pikturë (2003), dhe e ka fituar titullin: Doktor i arteve – arteve figurative (2018). Është i punësuar në akademinë e njëjtë (nga viti 2004). Ai është zgjedhur si profesor ordiner, në fushën më të ngushtë artistike të pikturës (nga viti 2019). Ai është kryetar i Shoqatës së Artistëve Figurativ të Vojvodinës (nga viti 2017). Ka ekspozuar në gjashtëdhjetë ekspozita personale dhe në disa ekspozita kolektive në vend dhe jashtë vendit. Është fituesi i një varg çmimesh në fushën e artit figurativ. Ai është autor i disa projekteve në kuadër të AUNS: *Diferencat* (2005–), *Pikturë* (2011–), *Libri* (2016), *Hapësira digjitale për pikturën* (2016) dhe projekte në kuadër të SULUV: *SMIC. Forma lëvizëse* (2019–), *Zhvendosje në kod* (2021–), etj.

Goran Despotovski was born on 13th August 1972 in Vršac, Serbia. He graduated from the College of Fine and Applied Arts in Belgrade (1995); he received his bachelor (1999) and master degrees (2003) in painting from the Academy of Arts in Novi Sad, and acquired the title of the Doctor of Arts - Fine Arts (2018). He has been employed at the same academy since 2004. He was elected a full professor, for the narrower artistic field of Painting in 2019. He is the president of the Union of the Associations of Fine Artists of Vojvodina - SULUV (since 2017). He has exhibited at sixty solo and several collective exhibitions in the country and abroad. He has received numerous awards in the field of fine arts and authored several projects under the Academy of Arts in Novi Sad: *Differences* (2005–), *Image* (2011–), *Book* (2016), *The Space of the Digital Imag*e (2016) and projects within SULUV: *SMIC. moving form* (2019–), *Move in code* (2021–), etc.

CONTACT

Goran Despotovski, Novi Sad, Serbia
Website: gorandespotovski.com
Email: art@gorandespotovski.com
Email: artsettings@gmail.com
Telephone: +381638201381
Instagram: @goran_despotovski
Facebook page: despotovski.art
Facebook profile: despotovski
YouTube: gorandespotovski

Lutamo među ljudima

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GALERIA NACIONALE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
NATIONAL GALLERY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Чифте амам / Çifte Hamam / Chifte Hamam

НУ Национална галерија на Република Северна Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856;
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk
contact@nationalgallery.mk

IP Galeria Kombëtare e Republikës së Maqedonisë
së Veriut Zheleznička 18, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856;
Faksi: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk
contact@nationalgallery.mk

PI National Gallery of the Republic of North Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856;
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk
contact@nationalgallery.mk

Subscript, Горан Деспотовски
Чифте амам, 2021

Издавач: НУ Национална галерија на Република Северна Македонија
За издавачот:
д-р Дита Старова Ќерими, директор
Куратор: Ана Франговска
Соработник:
Александра Зиновски Вилиќ
Текст: Ана Франговска
Фотографии:
Горан Деспотовски, Игор Василев
Превод на албански: Газменд Ѓоку
Превод на англиски: Јана Сариевска
Лектура: Виолета Танчева
Дизајн: Горан Деспотовски
Печат: Винсент Графика, Скопје
Тираж: 300

Subscript, Goran Despotovski
Çifte Hammam, 2021

Botuesi: IP Galeria Kombëtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Për botuesin:
dr. Dita Starova Qerimi, drejtore
Kuratore: Ana Frangovska
Bashkëpunëtor: Aleksandra Zinovski Vilic
Teksti: Ana Frangovska
Fotografitë:
Goran Despotovski, Igor Vasilev
Përkthimi në gjuhën shqipe:
Gazmend Qoku
Përkthimi në gjuhën anglisht:
Jana Sarievska
Korrigjim: Violeta Tancheva
Disenji: Goran Despotovski
Botimi: Vinsent grafika, Shkup
Tirazhi: 300

Subscript, Goran Despotovski
Chifte Hamam, 2021

Publisher: NI National Gallery of the Republic of North Macedonia
For the publisher:
Dita Starova Qerimi, PhD, Director
Curator: Ana Frangovska
Collaborator: Aleksandra Zinovski Vilic
Text: Ana Frangovska
Photographs:
Goran Despotovski, Igor Vasilev
Translation to Albanian: Gazmend Qoku
Translation to English: Jana Sarievska
Design: Goran Despotovski
Print: Vinsent Grafika, Skopje
Copies: 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.038.55(497.7)(06.064) Деспотовски, Г.

ФРАНГОВСКА, Ана
Subscript, Горан Деспотовски : НУ Национална галерија на Република Северна Македонија, Чифте амам, 08-28.10.2021 / [текст Ана Франговска ; фотографии Горан Деспотовски, Игор Василев ; превод на албански Газменд Ѓоку, превод на англиски Јана Сариевска] = Subscript, Goran Despotovski : PI National Gallery of the Republic of North Macedonia, Chifte Hamam, 08-28.10.2021 : IP Galeria Kombëtare e Republikës së Maqedonisë, Çifte Hammam, 08-28.10. 2021 / [text Ana Frangovska ; photographs Goran Despotovski, Igor Vasilev ; translation to Albanian Gazmend Qoku, translation to English Jana Sarievska] / [teksti Ana Frangovska ; fotografitë Goran Despotovski, Igor Vasilev ; përkthimi në gjuhën shqipe Gazmend Qoku, përkthimi në gjuhën anglisht Jana Sarievska]. - Скопје : НУ Национална галерија на Република Северна Македонија =Skopje : NI National Gallery of the Republic of North Macedonia =Shkup : IP Galeria Kombëtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, 2021. - 38 стр. : илустр. ; 24 см

Текст напоредно на мак. англ. и алб. јазик

ISBN 978-608-257-066-2

а) Инсталации -- Македонија -- Изложби

COBISS.MK-ID 55298821

Поддржано од:
Mbështetur nga:
Supported by:

SUBSCRIPT

GORAN DESPOTOVSKI